КОМОРА
НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-207/4
28.02.2018 год.
СКОПЈЕ

28.02.2018 година

До: Претседателот и до членовите на Надзорниот одбор на КОАИ

**ПРЕДМЕТ:** врска - укажувањата од записникот број 03-207/2 од 19.2.2018

Почитуван Претседател и членови на Надзорниот одбор на Комората,

Во врска со доставениот записник од 19.2.2018, во кој имате упатено повеќе укажувања за органите на Комората и за кои барате да се произнесеме во рок од 30 дена, Ви доставуваме одговори на сите укажувања таксативно, по редослед како што се дадени во вашиот допис.

## 1. Докомплетирање на документација

Точка 1

### Извештај за ненаплатени членарини

За Собранието на Комората на 24.2.2018 е изготвен извештај за неплатени членарини. Извештајот е даден табеларно, по одделенија, со анализи за тоа колку вкупно членови има одделението, колку се моментално активни, и колку од неактивните доцнат со членарина до 6 месеци, од 6-12 месеци, 12-24 месеци, повеќе 24 месеци, за колку членови имаме процесирано мирување, и за колку членови имаме процесирано престанок на членство. Идентична анализа правиме повеќе години station наназад и ја доставуваме до Собранието на Комората. На состанокот на НО на 19.2.2018, беа објаснети процедурите за наплата на побарувањата, а подетални информации за ова прашање има под точка 8 на страна 4 од овој допис.

### Патни и транспортни трошоци

Списокот на патни и транспортни трошоци, согласно бараното (од состанокот на НО на 20 септември 2017), е пратен електронски до целиот НО на 27 септември 2017, а дополнително е даден на состанокот на Надзорниот одбор на 19.2.2018.

### Трошоци за репрезентација

Детален преглед со сите ставки за репрезентација, согласно бараното (од состанокот на НО на 20 септември 2017), е пратена по електронски до целиот НО на 27 септември 2017, а дополнително е даден на Надзорениот одбор на состанокот одржан на 19.2.2018.

Комора
на овластени архитекти
и овластени инженери
на Република Македонија

ул. Партизански Одреди
бр.29, Т.Ц. Буњаковец
лок. 15 (2 кат)

389 2 3222356

contact@komoraoai.mk

www.komoraoai.mk

Шпаркасе Банка Скопје

# 250 001 002 332 248

# ЕДМБ 4030006621733

World Federation of Engineering Organizations

European Council of Engineers Chambers

ISO 9001 UKAS MANAGEMENT SYSTEMS

**Трошоци за договор за дело**

Информација за исплатите по основ на договор за дело е дадена на Надзорениот одбор на состанокот одржан на 19.2.2018, како дел од целосниот финансиски извештај.

**Точка 2**

**Записници од УО**

Направен е регистар со сите записници и одлуки од УО. На состанокот на Надзорниот одбор на 19.2.2018 беше кажано дека сите овие писмени документи им се достапни на увид на членовите на НО во секое време, а достапни се и на сите членови на одборите на одделенијата. Дел од одделенијата го користат ова право годинава, па печатени копии од записниците од УО се разгледуваат на одделенските состаноци. По одлука на Управниот одбор, електронски копии од овие записници не се праќаат осем на претседатели на професионални одделенија.

**Точка 3**

**Акти на Комората**

Сите побарани акти и документи од состанокот на НО одржан на 20 септември 2017, се доставени електронски по емаил на целиот Надзорен одбор на 22 и 27 септември 2017 (вкупно 24 документи). Согласно разговараното, постојат 2 побарани акти кои ги не постојат од постоење на Комората, па соодветно не се ни доставени – *Деловник за работа на Управниот одбор* и *Правилникот за работа на Комисијата за решавање на жалби од втор степен.* Тоа ќе биде изготвено и доставено до НО во текот на 2018 (в. точка 1 на страна 3).

**Точка 4**

**Финансиски план**

Направен е финансиски план за 2018 и доставен до Собранието на Комората, заедно со сите материјали, согласно дадените насоки од НО.

**Точка 5**

**Одлуката за висината на средства** со кои располага Претседателот на Комората не е менувана од нејзиното донесување во 2012. Доставена е до Надзорниот одбор на состанокот на 19.2.2018 година.

**Точка 6**

Согласно разговараното на состанокот на 19.2.2018, постои систем за електронска **евиденција за работното време** за сите вработени во Комората, воспоставен во март 2017 а се користи секојдневно до 1.прил 2018.

Комора
на овластени архитекти
и овластени инженери
на Република Македонија

ул. Партизански Одреди
бр.29, Т.Ц. Буњаковец
лок. 15 (2 кат)

389 2 3222356

contact@komoraoai.mk

www.komoraoai.mk

Шпаркасе Банка Скопје

# 250 001 002 332 248

# ЕДМБ 4030006621733

World Federation of Engineering Organizations

European Council of Engineers Chambers

ISO 9001
UKAS MANAGEMENT SYSTEMS

Комора
на овластени архитекти
и овластени инженери
на Република Македонија

ул. Партизански Одреди
бр.29, Т.Ц. Буњаковец
лок. 15 (2 кат)

389 2 3222356

contact@komoraoai.mk

www.komoraoai.mk

Шпаркасе Банка Скопје
# 250 001 002 332 248
# ЕДМБ 4030006621733

World Federation of Engineering Organizations

European Council of Engineers Chambers

ISO 9001 UKAS MANAGEMENT SYSTEMS

(нема точка 7 во записникот)

**Точка 8**

**Годишниот извештај за 2017** е доставен до Надзорниот одбор и до сите членови на собранието.

**2. Во врска со понатамошните укажувања од Надзорниот одбор на страна 3 и 4 од дописот**

1. Разгледувајки ги точките 1 до 28 од членот 15 од Статутот, единствени акти кои треба да се доработат се *Деловникот за работа на управниот одбор* и *Правилникот за работа на Комисијата за решавање на жалби од втор степен*. Материјата за овие прашања е дел од Статутот на Комората, но по ваше укажување, и по одлука на Собранието на комората на седницата на 24.2.2018, Управниот одбор ќе формира посебна комисија за изготвување на посебни акти за овие прашања. Актите ќе бидат изготвени во текот на 2018 година.

2. Со оглед дека ова е правилник за стручната служба, Претседателот на Комората не влегува во таа група. Функцијата Претседател на Комората е изборна и професионална, и работните обврски се дефинирани во член 115 од Законот за градење и член 21 од Статутот на комората.

3. Именикот е јавно достапен електронски до секој корисник преку веб страната на Комората. Ќе провериме технички зошто кај некои веб пребарувачи постои проблем со отворање на именикот.

4. На седницата на Собранието на Комората на 24.2.2018 беше одлучено да се одржи собраниска седница за ценовникот најдоцна до средината на 2018 година, а во меѓувреме подносителите да подготват соодветен материјал кој ќе ги помине потребните фази на разгледување.

5. Укажувањето за потреба од навремена достава на сите документи од раководителите на одделенијата до УО ќе биде проследено до раководителите на одделенијата.

6. Укажувањето за потребата од подобра координација помеѓу членовите на УО ќе биде проследено до членовите на УО.

7. Во актите на Комората не е предвидено членови на Надзорниот одбор да бидат присутни на состаноци на Управниот одбор. Истовремено, не е вообичаена

пракса органот кој ја контролира работата на УО редовно да учествува во работата на истиот орган. Членови на Надзорниот одбор се повремено поканувани на седници на УО, кога УО или Претседателот на Комората смета дека е потребно присуство. На пример, на седницата на УО каде гостин беше Министерот за транспорт и врски, (по покана од Претседателот на Комората присутен беше и Претседателот на Надзорниот одбор). Истото правило постои гледајки и од другата страна – Претседателот на Комората или членовите на УО, не присуствуваат на седниците на Надзорниот одбор, освен кога ќе бидат поканети од Претседателот на Надзорниот одбор.

8. Постои електронски систем за известување за истек на членарина. Имено, 30 дена пред истекот на членарината, системот на Комората автоматски праќа емаил до членовите чија членарина истекува. Дополнително на тоа, службите редовно праќаат дополнителни известувања во текот на годината за истечените членарини, а се прават и редовни телефонски јавувања. Базирано на овој систем е постигнат исклучителен успех изминативе години. Имено, бројот на активни членови во Комората е зголемен од 1370 во 2012 година на над 3000 активни членови во 2017 година.

9. Финансискиот извештај беше пратен до НО, и во исто време пратен на разгледување и до членовите на УО. По ваше укажување, во иднина ќе почекаме да се искаже НО, па потоа истиот ќе биде ставен на усвојување од УО. Напоменуваме дека секоја година финансискиот извештај го добиваме кон крајот на јануари, па имаме само 2 недели истиот да биде детално проверен од службите на комората и од членовите на УО, потоа разгледан и усвоен од НО и УО, за навреме да се прати до Собранието, кое мора да се закаже најдоцна 10 дена пред неговото одржување (последната сабота во февруари). Во тој контекст, роковите се исклучително кратки за сите засегнати органи во Комората и некои фази на проучување мораше да се работаат паралелно.

Подготовка ДА/МД

Претседател на УО на Комората

Проф. д-р Миле Димитровски,

Комора
на овластени архитекти
и овластени инженери
на Република Македонија

ул. Партизански Одреди
бр.29, Т.Ц. Буњаковец
лок. 15 (2 кат)

389 2 3222356

contact@komoraoai.mk

www.komoraoai.mk

Шпаркасе Банка Скопје

\# 250 001 002 332 248

\# ЕДМБ 4030006621733

World Federation of Engineering Organizations

European Council of Engineers Chambers

ISO 9001
UKAS MANAGEMENT SYSTEMS